# Статистичко истражување за површина на шумите

## ЗШР_ШУМ.13_А_МК_2024_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

## 1 Контакт

### 1.1 Организација/ институција за контакт

Државен завод за статистика

### 1.2 Организациска единица за контакт

Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на земјоделски стопанства

### 1.3 Лице за контакт

Ленче Петрова

### 1.4 Звање на лицето за контакт

Советник

### 1.5 Поштенска адреса

ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

### 1.6 Електронска адреса

lence.petrova@stat.gov.mk

### 1.7 Телефонски број

00389 2 3295 645

### 1.8 Факс

00389 2 3111 336

## 2 Ажурирање метаподатоци

### 2.1 Последна потврда на метаподатоците

20/05/2025

### 2.2 Последна објава на метаподатоците

20/05/2025

### 2.3 Последно ажурирање на метаподатоците

20/05/2025

## 3 Статистичка презентација

### 3.1 Опис на податоците

-Податоци за површината на шумите,

-Останато шумско земјиште

-Вештачко подигнати состоини,

-Шуми според намената (стопански шуми, заштитни и шуми со посебна намена)

-Податоци за вкупната  дрвната маса, и годишниот прираст.

## 3.2 Систем на класификации

-Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2,

-Номенклатура на земјоделски производи, производи на шумарството, ловот и риболовот и услуги поврзани со нив, НЗШРУ,

-Номенклатура на територијални единици за статистика - НТЕС, 2013.

## 3.3 Опфат на сектор/и

Сектор А/А-Земјоделство, шумарство и рибарство, оддел 02-Шумарство и искористување на шуми, од НКД Рев.2.

## 3.4 Статистички концепти и дефиниции

**Шума** претставува шумски екосистем кој постои на шумско земјиште обраснато со шумски видови дрвја и грмушки, голини непосредно до шумата, како и други голини и ливади внатре во шумата, шумски расадници, шумски патишта, семенски плантажи, противпожарни просеки во шума, ветрозаштитни појаси на површина поголема од два ари, како и шуми во заштитените подрачја. Дрвната залиха го опфаќа волуменот на сите живи стебла, мерени во дијаметарот на градна височина (1,3м), изразено во м3 на одредена површина. Насад е дел од шума кој според видовите на дрва, структурата, начинот и формата на одгледување се разликува од својата околина и бара посебни одгледувачки мерки.

**Деградирана шума** е шума која во значителна мера го загубила квалитетот и способноста за прираст поради неповолно влијание на биотски, абиотски и антропогени фактори.

**Шумско земјиште** е земјиште на кое има шума или кое поради своите природни својства е најповолно за одгледување на шума, како и земјиште на кое се наоѓаат објекти наменети за стопанисување со шумите.

Под **вештачко подигнати култури** се подразбира класичен начин (со сеење на семе или садење на садници), стари три години и кај кои успехот на пошумувањето утврден на крајот на годината за која се поднесува извештај изнесува над 30%. Под плантажно подигнати култури се подразбираат културите добиени од селекциониран материјал од тополи, односно садници од квалитетни иглолисни видови со брз раст и со употреба на современи агротехнички мерки, стари две години.

**Стопанските шуми** првенствено се користат за трајно производство на дрвни сортименти и други шумски производи и услуги.

**Заштитните шуми** првенствено се користат за заштита на земјиштето, водата, населбите, инфраструктурните системи и други објекти и останатиот имот. Шумите со посебна намена можат да бидат определени како: шумски и ловни резервати, парк-шуми, спомен-шуми, шуми за производство на шумско семе, излетишта и шуми за потребите на науката, наставата и одбраната. Шуми за потребите на науката и наставата се определуваат заради едукација на стручни лица од областа на шумарството и за научно-истражувачки цели.

## 3.5 Статистичка единица

Деловни субјекти

## 3.6 Статистичка популација

Деловни субјекти кои стопанисуваат и управуваат со шумите и кои припаѓаат на секторот А (оддел 02) од НКД Рев.2.

## 3.7 Референтна област

Република Северна Македонија.

## 3.8 Временска покриеност

Од 1955 година натаму.

## 3.9 Базен период

Не е применливо.

# 4 Единица на мерење

- хектари (ха),

- кубни метри (м3),м3/ха.

| 5 | **Референтен период** |
|---|---|

Година.

| 6 | **Институционален мандат** |
|---|---|

| 6.1 | **Законски акти и други договори** |
|---|---|

**Национална законска регулатива**: **Закон за државната статистика** („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) и

**Програма за статистички истражувања** 2023-2027 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23)

-Меѓународни:

Резолуција на Советот 1999/C 56/01

| 6.2 | **Споделување на податоци** |
|---|---|

| 7 | **Доверливост** |
|---|---|

| 7.1 | **Доверливост - политика** |
|---|---|

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со **Законот за државна статистика** .

2. Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во **Политиката за статистичка доверливост** .

| 7.2 | **Доверливост - третирање на податоците** |
|---|---|

Во согласност со член 38 од **Законот за државна статистика** и **Политиката за доверливост** ,индивидуалните податоци не се објавуваат.

| 8 | **Политика за објавување** |
|---|---|

| 8.1 | **Календар на објавување** |
|---|---|

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопштенија, кој се ажурира квартално.

| 8.2 | **Пристап до Календарот на објавување** |
|---|---|

**Календар на објавување**

| 8.3 | **Кориснички пристап** |
|---|---|

Сите корисници имаат истовремено ( или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „ **Соопштенија** " на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

| 9 | **Фреквенција на дисеминација** |
|---|---|

Годишна.

| 10 | **Достапност и јасност** |
|---|---|

| 10.1 | **Соопштенија** |
|---|---|

Соопштенијата се објавуваат (и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето:„ **Соопштенија** "

| 10.2 | **Публикации** |
|---|---|

**Статистички годишник**

**Северна Македонија во бројки**

**Статистика на животна средина**

**Регионите во Република Северна Македонија**

| 10.3 | **Онлајн база на податоци** |
|---|---|

-МАКСтат база на податоци достапна на веб-страницата на ДЗС- **Шумартсво**

| 10.4 | **Пристап до микроподатоци** |
|---|---|

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со **Законот за државна статистика** ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „ **Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели** “.

| 10.5 | **Друго** |
|---|---|

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби.

| 10.6 | **Документација за методологијата** |
|---|---|

"Методолошките објаснувања се објавени на веб-страницата на ДЗС http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=48&rbrObl=17 и Методолошки објаснувања кои се дел од публикацијата „Шумарство во Република Македонија"" http://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija.aspx?id=6&rbr=616"

| 10.7 | **Документација за квалитетот** |
|---|---|

не е применливо.

| 11 | **Управување со квалитет** |
|---|---|

| 11.1 | **Обезбедување на квалитетот** |
|---|---|

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на **Европскиот Кодекс за работа на европската статистика** и **Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем** ( ESS Quality Assusrance Framework). Критериумите за квалитет се утврдени и во **Законот за државна статистика** во член 4б и член 4в.

| 11.2 | **Оценка на квалитетот** |
|---|---|

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process

Model-GSBPM) . Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците.

## 12 Релевантност

### 12.1 Потреби на корисниците

Домашни корисници на податоци од областа на шумарството се Владата на РМ, факултетите и научно-истражувачките институции, здруженија и асоцијации за шумарство, медиуми, студенти и други физички и правни лица. Податоците за шумарство се потребни за согледување на расположливите количества на шумски сортименти, планирањето на производството за наредните периоди, подготовката на законските прописи, донесувањето на мерки за унапредување на шумарството, одлучувањето во врска со извозот и увозот, инвестициите, кредитите итн. Врз основна на податоците за површините на шума се добиваат податоци за распространетоста на шумите и шумското земјиште, за дрвната маса и прирастот кои го овозможуваат планирањето, управувањето, стопанисувањето и чувањето на шумите и шумското земјиште.

### 12.2 Задоволство на корисниците

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

### 12.3 Комплетност

Не се пресметува.

## 13 Точност и веродостојност

### 13.1 Севкупна точност

Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците.

### 13.2 Примерочни грешки

Не е применливо.

### 13.3 Непримерочни грешки

## 14 Навременост и точност

### 14.1 Навременост

Т+180 денови.

### 14.2 Точност

Податоците се објавуваат на денот, што е утврден ( најавен) во Календарот за навременост.

## 15 Кохерентност и споредливост

### 15.1 Географска споредливост

Постои географска споредливост на дисеминираните податоци на национално ниво и на ниво на региони.

Во однос на географската споредливост со останатите европски земји, исто така е обезбедена споредливост.

### 15.2 Временска споредливост

Временска серија на податоци на национално ниво од 1955-2019 година без прекин на временската серија е 66. Временска серија на податоци на регионално ниво од 2008 година па натаму.

| | |
|---|---|
| **15.3** | **Меѓудоменска кохерентност** |
| | |
| **15.4** | **Внатрешна кохерентност** |
| Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена. | |
| **16** | **Трошок и оптовареност** |
| Просечното време за пополнување на прашалникот се движи помеѓу 20 и 30 минути. | |
| **17** | **Ревизија на податоците** |
| | |
| **17.1** | **Политика за ревизија на податоците** |
| Ревизијата на податоците се прави во согласност со **Политиката за ревизија на ДЗС** . | |
| **17.2** | **Практика за ревизија на податоците** |
| Не е применливо. | |
| **18** | **Статистичка обработка** |
| | |
| **18.1** | **Извори на податоци** |
| Ова статистичко истражување е со целосен опфат и ги опфаќа деловните субјекти кои стопанисуваат и управуваат со државните и приватните шуми и кои припаѓаат на секторот А (оддел 02) од НКД Рев.2. | |
| **18.2** | **Фреквенција на прибирање податоци** |
| Годишна. | |
| **18.3** | **Прибирање на податоците** |
| Податоците за површина на шумите на државните и приватните шуми се прибираат со статистичкиот прашалник: „Површина на шумите"" (ШУМ.13). Претпријатијата ги пополнуваат податоците за површина на шумите за претходната година и ги доставуваат до ДЗС најдоцна 90 дена по завршувањето на референтниот период." | |
| **18.4** | **Проверка на податоците** |
| Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. Проверка на податоците се врши пред и по внесувањето. За отстапувањата се контактираат давателите на податоци. | |
| **18.5** | **Компилирање податоци** |
| Пристигнатите податоци од деловните субјекти, по проверката и евентуалната корекција во консултација со извештајните единици, се внесуваат на електронски медиум преку апликација со вградени on-line контроли. Импутација: Се врши импутација на неодговорите со податокот од претходниот период. | |
| **18.6** | **Прилагодување** |
| Не е применливо. | |
| **19** | **Коментар** |
| Нема коментар. | |
| **А.1** | **Анекси** |
| | |